НАДЕ ПРОЕВА
Философски факултет
Скопје

УДК. 930.271:801.313.1/2(381)

# АНТРОПОНИМИЈАТА ВО ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА СР МАКЕДОНИЈА ВО АНТИКАТА

Апстракт: Анализата на антропонимите од Тетовско–Гостиварскиот (Полог), Кичевскиот и Охридско–Струшкиот крај покажува дека бројот на илирските имиња во овој тнр. македонски дел на Илирија т.е. илирски дел на Македонија е многу мал. Притоа некои од нив како Dazos, Platōr, Platura, Platorius и Tata имаат бројни аналогии во М. Азија и не можат да се сметаат за илирски туку треба да им се припишат на Енхелејците и Дасаретите кои се посведочени во наративните извори токму во овие краеви. Од илирската ономастика исто така треба да се исфрлат и имињата Annios, Annia Annaea и Annaeus (Annaios).

Со новоткриените стели од с. Градец[1] и Челопек (необјавена) бројот на епиграфските споменици од Полог изнесува 7 надгробни споменици од кои еден на латински јазик[2], другите на грчки и два без трагови од натписот[3], при што е извршена нивна ревизија. Иконографските, формално–типолошките особености како и јазикот го потврдија податокот на Птолемај дека овој крај ѝ припаѓал на провинцијата Македонија. Порано извршената ревизија на натписите од Кичевскиот крај[4] како и прелиминарната студија за имињата од Охридско[5] покажаа дека бројот на илирските имиња во овој тнр. илирски дел на Македонија или пак македонски дел на Илирија е многу мал.

Од шестте стели со натпис од Полог, двете стели од Тетово немаат ономастичко значење бидејќи на стелата со грчки не е сочувано ниту едно име, а стелата со латински натпис содржи римско име (M. Aurelius). На останатите се

[1] Наде Проева, *Нови и ревидирани натписи од Полог и Кичевско,* Ж.А 39 1989 (стр. 77–80).

[2] Н. Вулић, Спом. САН XCVIII, 1941–48, no 471 (Тетово)

[3] И. Микулчиќ, *Територија Скупа,* Ж. А. 31, 1971, стр. 467/8, сл. 1–4; d., Монографија за Гостивар, 1974, стр. 82

[4] Ревизијата е извршена во рамките на проектот „Бистра“, 1984 г.

[5] Фанула Папазоглу, *Охридско во праисторијата и античкиот период,* во монографијата за Охрид, Охрид, 1985 стр. 101–105

посведочени 12 имиња: Ammia, Anthimos, Getas, Genthianē, Eusebēs, Euridikē, Charēs, Kalitychē, Nikēphoros, Nikanōr, Neikeratos и Rhēdōn. Новооткриената стела од с. Градец донесува три нови имиња за нашиов дел на Провинцијата: Anthimos, Eusebēs и Kalitychē. Anthimos е посведочено во источните делови на Царството, во западните само на еден ранохристијански натпис од Рим, а неговиот женски пандан Anthimē засега само во Кападокија. И името Eusebēs почесто е во М. Азија, а само Kalitychē е посведочено во Македонија.

Стелата од с. Лешок[6] даде четири имиња: Getas, Genthianē, Charēs и Rhēdōn. Името Getas е етникон, посведочено како име на едонски крал на монетите, а овде во улога на антропоним. Името Charēs се среќава низ целата грчка културна сфера, додека името Rhedōn е многу ретко. Најрано е посведочено на монетите од ковницата Lissos (II в.п. н.е.) при што во науката имаше две мислења: име на божество или антропоним (династ или монетарен магистрат). Еден вотивен натпис од Калабрија со имињата на два бродови: Medaurus i Rhedon потврди дека на монетите е претставено божество, а не династ. Иста претстава имаат и монетите на Scodra и племето Даорси, така што нашиот Rhēdōn од с. Лешок очигледно носи боженско име. Што се однесува до потеклото на името според едни тоа е илирско, според други грчко, а според трети можеби келтско заради етниконот Redones кај Птолемај. Со оглед на фактот дека освен на монетите на Lissos името не е посведочено на илирската територија не може да се смета за илирско. Ако се има на ум дека обичајот на давање боженски имиња на смртници не е изворно грчки, тогаш името треба да се стави во групата старобалкански имиња, nomina sacra, како Batōn. Една Rhēdeta посведочена е во Тесалија. Името Genthianē, кое за разлика од машкиот пандан досега не беше посведочено, би било единственото илирско име на овој натпис.

Со ревизија на стелата од с. Јегуновце констатирано е дека имињата Sintia и Noniou се резултат на погрешно читање[7] и дека нема ниедно илирско име туку само Au( relios) Nikephoros Nikanoros и Neikēratos, а на стелата од с. Челопек „кралското“ име Euridikē i Ammia.

Југоисточно од Полог се наоѓа Кичевската котлина во која досега се регистрирани само три епитафи. Фрагментираниот ципус(?) во прагот на црквата Св. Илија има две имиња: Lykos и Eubia.[8] Името Lykos се среќава во Македонија додека пак името Eubia засега е посведочено само еднаш во Рим, а

---

[6] J. Bousquet, *Une épigramme funéraire de Dardanie,* Ž.A. 24, 1974, стр. 255–7

[7] И. Микулчиќ, op. cit, no 4, стр. 468

[8] Н. Вулиќ, Спом. СКА LXX, 1931, no 184

нејзиниот машки пандан само во М. Азија и еднаш во Stuberra. Во истата црква вѕидани се две мермерни половини како носачи на лажен свод над влезот во јужниот ѕид. На десната половина во 11–от ред се чита само почетокот на некое име Ale–. Стелата од с. Осломеј за жал, во меѓувреме изгубена,[9] има три имиња. Во првиот ред сочувано е – sandros кое може да се дополни како Asandros или Kassandros. Името Ameilos, се чини дека не е посведочено, освен негоовиот женски пандан Amelia и тоа во М. Азија. Една Amilla т. е. Hamilla посведочена е во Leukopetra, а друга на изгубената ара од Thessalonikē.

Југозападно од Кичевскиот крај се наоѓа Охридско–Струшкиот регион кој е најбогат со епиграфски споменици. Според Ф. Папазоглу од 35 лица само 5 имаат илирски имиња: Annia, Dazos, Genthios, Epikados i Platōr.[10] Просопрографијата содржи 6 римски гентилици и 40 имиња. Од нив римски praenomina се 12, другите се од типот на тн. грчко–македонски имиња и петте споменати. Колку што може да се види, во одсуство на епиграфски корпус, името Annia во јужноилирското подрачје не е посведочено. Имињата пак Annios, Annia, Annaia, Annaea, Annea и Annaios со или без геминација, всушност се латински имиња од основните Annaeus и Annius[11] а Annia и Annios како лични имиња посведочени се во грчката културна сфера.[12] Anna е име кое се среќава во ономастиката на сите народи, најчесто во М. Азија и не може да биде илирско име. Римскиот гентилициј Annios во Thessalonikē посведочен е 5 пати а женскиот пандан во римска ономастичка формула 4 пати. Во овој крај Annia е посведочено два пати во грчка ономастичка формула. Annia Olbistēs на метричкиот натпис од с. Опејнца[13] има патронимик изведен од неправилниот суперлатив на придавката „olbios" аналогно на Bilos, Bilistos, Philistē и др., а синот се викал Dēmokritos. Другата Annia на стелата од Охрид[14] е ќерка на некој Platōr, а мажот и децата имаат македонски имиња: Alexandros (2 пати), Aristōn и Neikopolis. Хезихиевата глоса „platur: doulos ē dēmos", Platōr на натписот од Делфи кој бил „genos Italos", потоа епитафот од Дрмно (Viminacium) на некој си Platorius „ natione Hispanus" гентилното етрурско име „ splatur", како и месапските форми Platōr, Platur покажуваат дека имињата Platōr, –Platura, Platorius не се изворно илирски имиња.

[9] Наде Проева, op. cit. стр. 81/2
[10] Фанула Папазоглу, op. cit. стр. 109
[11] L. Zgusta, *Kleinasiatische Personennamen*, Prag, 1964, no. 61–12
[12] P. Frazer–Elianne Matthews, *A lexcion of Greek Personal Names*, 1988, s.v.
[13] Н. Вулић. Спом. СКА LXXV, 1933 no 179
[14] Id. Спом. LXXI, no 266

Името Dazos и низа имиња изведени од него се среќаваат низ целата грчка културна сфера, како на псефизмата од Лумбарда така и на арата од Св. Наум[15] (Дазовиот син има македонско име Lennatos). Од двата сина на Dazos од Акарнанија (Alyza?), проксени во Oropos, едниот се викал Platōr, а другиот Pyllos. Сосема е несфатливо дека Илири би можеле да бидат проксени на грчки град т.е. да носат илирски имиња. Во јужноилирската сфера, во Dyrrachion досега се регистрирани имињата Dazaios (натпис) и Dazios (монети). Во северната пак сфера се среќаваат имињата Dasius и Dasimus кои се латински, Dasa(s) и изведеното Dasantis кои најверојатно се латинизирани форми на сродни илирски имиња. Многу поретко се среќава и Dazas кое е посведочено во Ликија и Киликија како домашно. Основата *daz– според лингвистите е месапска бидејќи на натписите се посведочени формите: Dazzes, Dazima, Dazoma и Dazimos. Очигледно е дека и ова име не може да биде изворно илирско. Бројни аналогии во М. Азија има и женското име Tata на сребрениот прстен од с. Делагожда, посведочено само во Dyrrachion та затоа безрезервно земено како илирско. Според горното, јасно е дека имињата Dazos, Platura и Tata кои се земаат како илирски треба да се врзат со бригискиот слој, бидејќи Бригите освен во Македонија во наративните извори се споменуваат и во заднината на Epidamnos. Во ваквиот контекст станува јасно зошто имињата на илирските кралеви Agrōn, Bardylis и Sirras (ако е илирски крал) воопшто ги нема кај Илирите, дури ни во јадрото на илирската држава, што е несфатливо. Така на пр. во Македонија од најрано време тнр. кралски имиња биле носени не само од членовите на кралската куќа туку и од обичните Македонци. Другите „кралски" имиња кај Илирите, Glaukias, Kleitos и Pleuratos во јужноилирската сфера се ретки додека северно од Lissos ги нема. „Кралските" пак имиња Agrōn, Glaukias и Grabos имаат аналогии во М. Азија. Така кај Херодот Agrōn е лидиски крал, Glaukias кај Хомер е име на ликискиот водач под Троја, а Kleitos е хомерско и македонско име. Според L. Robert Agrōn и Grabos се грчки т.е. јонски имиња,[16] а G. Dumezil[17] за разлика од N. Hammond[18] ја отфрла врската меѓу него и етниконот Grabei. За Agrōn и Glaukias може да се рече дека влегувале во групата на старобалкански имиња од типот nomina sacra како Batōn и Rhēdōn.

Според тоа ваквите илирски имиња не само во западниот дел на СРМ (нивниот број е ист и во другите горномаке-

---

[15] Jeanne-L. Robert, *Bulletin Epigraphique,* 1958, no 301

[16] Id. op. cit. 1970, no 193; 1977, no 99

[17] Remarques sur les dieux Grabovio d'Iguvium, Rev. de Philologie, XXVIII/2, 1954, стр. 233

[18] The Kingdoms in Illyria c. 400–167 BC, Ann BSA 61, 1966, стр. 244.

донски области) кои имаат аналогии во М. Азија[19] не треба да се мешаат со илирските имиња и во склад со наративните извори треба да ѝ се припишат на бригиската компонента во етногенезата на Македонците.[20] Во Охридскиот крај пак најрано се посведочени Енхелејците кои во најстарите извори (Хеланик fr. 73; Херодот, IX, 43; Аполодор, III,5,4) не се Илири. Со општото име Илири ќе бидат опфатени од IV в. заради познатата пракса племињата на исто општествено–економско и културно ниво да се означуваат со името на првото племе со кое Грците дошле во контакт, исто како и Дасаретите од Римјаните кои пак кај T. Liv. XLVII, 36,8–9 и P. Mela, 2, 54–56 се дадени одделно од Илирите.[21]

[19] За аналогии на имињата користени се епиграфските корпуси за Македонија и М. Азија, како и индексите на Bull. Ep. t. I, 1972, IV, 1979 и V, 1983.
[20] Наде Проева, Прилог кон историјата на античките Македонци, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1990, во печат
[21] Деталната аргументација за овие прашања е во печат, во 6.d.CBI 1991 год.

## RÉSIMÉ

### *Nade Proeva: L'ANTHROPONYMIE ANTIQUE DANS LES RÉGIONS OCCIDENTALES DE LA R.S. DE MACÉDOINE*

*L'analyse de l'anthroponymie dans les régions de Polog, Kičevo et d' Ohrid–Struga, montre que les moms illyriens dans les régions considérés comme la partie illyrienne de la Macédoine ou la partie macédonienne de l'Illyrie sont peu nombreux.*
*Dans la région de Polog sept monuments funéraires sont enregistrés. Sur deux les noms n'ont pas survécus, l'autre est en latin evec un nom romain[2], et les autres fournissent 12 noms: Ammia Anthimos, Getas, Genthianē, Eusebēs, Euridikē, Charēs, Kallitychē, Nikephoros, Nikanōr, Neikeratos et Rhēdōn.*

Sauf *Genthianē* et *Rhēdōn* les autres sont typiques pour la Macédoine ou on trouve leurs analogies en Asie Mineure (*Anthimos*). Quant à *Rhēdōn* il est très rare; pour la prémiere fois attesté sur les monnaies de *Lissos*, et les opinions des savants étaient différentes: anthroponyme (dynaste, magistrat monnetaire) ou nom de divinité. L'inscription votive de Calabre avec les noms de deux navires: *Medaurus* et *Rhedōn* a prouvé que *Rhēdōn* est soit le nom d'une divinité soit d'un hérps, ce qui signifie que *Rhēdōn sur l'inscripion de Lešok[6] est un nomen sacrum. Quant à son origine, certains le considerent comme grec, certains comme illyrien et d'autres comme probablement* celte (l'éthnique *Redones* chez Ptolémée). A part les monnaies de *Lissos* le nom n'est pas du tout attesté en Illyrie méridionale ce qui montre qu'on ne peut pas le considérer *comme illyrien (une Rhēdeta est attestée à Thessalie) et il est plus prudent de le considérer comme paléobalkanique de même que Bātōn, d'autant plus que les Illyriens ce connaissaient pas ce type de noms. Le seul nom illyrien pourrait être Genthianē,* lui aussi non attesté en Illyrie du sud.
Dans la région de Kičevo, sur trois épitaphes[1] avec 5 noms: *Ameilos, Apol(l)ōdoros, Asandros, Eubia* et*Lykos,* il n y a pas un seul nom illyrien. Il faut aussi noter que les noms *Ammila,* c'ést-à-dire *Hammila, Amilla* et *Eubia, Eubios* ont des analogies en Asie Mineure et en Egypte. La plus riche est la prosopographie de la région d'Ohrid et de Struga 35 personnes, dont 6 ont les gentilices romains. Des 40 noms 12 sont *praenomina.* Comme illyriens sont considérés: *Annia, Dazos, Genthios, Epikados* et *Platōr*[5]. *A ma connaissance le nom Annia* n'est pas attesté en Illyrie meridionale tandis qu'il est en Macédoine comme gentilice 2 fois à *Berrhoia*, 4 à *Thessalonikē* ainsi qu' *Annios* 6 fois). Sur l'inscription métrique du v. Opejnca[13] errigée par *Annia Olbistē* pour son fils *Demokritos, Annia* porte le patronime fait du superlatif irrégulier *d'olbios* du type *Bilos, Bilistos, Philistē* etc. Le patronime d'autre Annia[13] est *Platōr* tandis que ses enfents et son mari ont des noms macédoniens. D'habitude *Platōr* est considéré comme illyrien. Mais la glosse *d'Hesichios „platur: doulos ē dēmos“*, l'inscripion de Delphes d'un *Platōr „genos Italos“, Platorius „natione Hispanus“* de *Viminacium,* le gentilice etrusque *„splatur“* ainsi que les formes messapiennes *Platōr, Platur,* montrent qu'il n'ést pas illyriens par son origine. Le nom *Dazos* est aussi considéré comme ilyrien, mais on le rencontre partout dans l'aire grecque et non pas dans Illyrie méridionale ou on trouve les formes *Dazaios* et *Dazios.* Dans la partie septentrionale d'Illyrique on trouve *Dasa(s), Dasantis, Dasimus* probablement tirés du latin *Dasuius* et couvrant les noms illyriens semblables; et encore plus rarement *Dazas* dont la racine d'après les linguistes est messapienne (sur les inscriptions messapiques sont attestés *Dazzes, Dazima/os, Dazoma). Dazas* est ateste en Asie Mineure comme épichorique. Il est évident que ce nom ne peut pas être illyrien de son origine lui aussi. De nombreuses analogies en Asie Mineure a le nom *Tata* de la bague en argent du v. Delagožda, n'attesté qu'à *Dyrrachion* et pour cela considéré comme illyrien. Il est évident que le nóms *Dazos, Platōr et Tata* ne sont pas illyriens de leur origine. Les analogies d'Asie Mineure provent qu'il faut les ratcher au *Bryges,* car outre en Macédoine ils sont attestés à l'arrière pays de *Dyrrachion.* De cette façon on peut expliquer le fait que les noms des rois illyriens *Argōn, Bardylis et Sirras* (si ce dernier est illyrien) ne sont pas attestés épigraphiquement shez les Illyriens du sud. Par contre, les noms des rois macédoniens sont portés non seulement par des membres de la famille royale mais aussi par des gens du peuple macédonien. D'autre part les noms des rois illyriens *Agrōn, Glaukias et Kleitos* sont attestés en Asie Mineure. On peut ranger les noms *Agrōn et Glaukias* dans la categorie de *nomina sacra* comme *Batōn* et *Rhēdōn.* Il est clair que ces noms considéres comme illyriens, qu'ils ont des analogies en Asie Mineure, quand ils apparaissent en Macédoine il faut les attribuer au composant brygien

dans l'éthnogènese des Macédoniens.[20] Dans la région d'Ohrid et de Struga les Enchéléens sont la population la plus ancienemet attesté dans les sources. Au debout ils n'étaint pas considérés comme Illyriens et ils serront avec le préstige du nom illyrien à partir du IV s. av. n. è. de même que les Dasarètes, qui chez *T. Liv. XLVII,* 36, 8–9 et *P. Mela* 2, 54–56 figurent à part des *Illyrii proprie dicti*. La disstinction des *Illyrii proprie dicti* des Illyriens en géneral confirme ce fait.